Република Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, врз основа на член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2014, 53/2016 и 11/2018), член 43 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија” број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018) и член 71 став (6) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016), постапувајќи по жалбата на Фудбалска Федерација на Македонија, изјавена преку овластеното лице Муамед Сејдини, против решението Ип1 број 14-182/2 од 21.01.2019 година на инспекциската служба при Агенцијата за млади и спорт, на седницата одржана на ден 25.03.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

Жалбата на Фудбалска Федерација на Македонија, изјавена преку овластеното лице Муамед Сејдини, против решението Ип1 број 14-182/2 од 21.01.2019 година на инспекциската служба при Агенцијата за млади и спорт, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

## Образложение

Инспекциската служба при Агенцијата за млади и спорт, (понатаму: првостепен орган), по извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 18.12.2018 година (вторник) во Фудбалската федерација на Македонија, за отстранување на констатираните неправилности утврдени во Записник Ип1 број 14-2991/4 од 27.12.2018 година, врз основа на член 71 став (1) ОД Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016 и 190/2016), (понатаму: Закон за спортот), член 25 и член 42 од Законот за инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија” број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018), (понатаму: Закон за инспекцискиот надзор), донел решение Ип1 број 14-182/2 од 21.01.2019 година.

Од подточка 1.1) од точка 1.) од изреката на предметното решение, произлегува дека првостепениот орган на Фудбалската федерација на Македонија и укажал во рок од 60 дена пред прво наредно Собрание да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: да го усогласи Статутот на федерацијата во однос на претставувањето на спортските клубови во Собранието на националната спортска федерација, согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот.

Од подточка 1.2) од точка 1.) од изреката на предметното решение, произлегува дека првостепениот орган на Фудбалската федерација на Македонија и укажал во рок од 60 дена пред прво наредно Собрание да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: да одржи Собрание на националната спортска федерација кое ќе го сочинуваат претставниците од спортските клубови од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерацијата кои ги исполниле условите и добиле решение согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, како и претставници на спортските тренери (стручни кадри), ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици, согласно член 14 – а став (1) од Законот за спортот.

Од подточка 1.3) од точка 1.) од изреката на предметното решение, произлегува дека првостепениот орган на Фудбалската федерација на Македонија и укажал во рок од 30 дена да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: здружените членки во Фудбалската федерација на Македонија актите на своето работење да ги усогласат од член 82 од Законот за спортот.

Од подточка 2.1) од точка 2.) од изреката на предметното решение, произлегува дека првостепениот орган на Фудбалската федерација на Македонија и забранил вршење дејност кој опфаќа форми на спортски активности со спортистите од сите возрасти, на субјекти кои не ги исполнуваат условите за вршење дејност спорт согласно член 10 и член 11 од Законот за спортот.

Првостепениот орган донел решение за исправање на очигледни технички грешки во управен акт Ип1 број 14-182/4 од 19.03.2019 година, со кое на втората страна од побиваното решение, во став (1) од образложението на истото, зборот редовен се менува со зборот вонреден.

Незадоволна од предметното решение на првостепениот орган, Фудбалската Федерација на Македонија, преку овластеното лице Муамед Сејдини, (понатаму: жалител), изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (понатаму: Државната комисија).

Пред да пристапи кон разгледување на жалбените наводи, а во фаза на претходно испитување на изјавената жалба, Државната комисија утврди дека жалбата е изјавена во законски определениот рок, дека истата е допуштена и изјавена од овластено лице.

Жалителот го побива решението на првостепениот орган поради погрешна примена на материјалното право, неутврдена фактичка состојба, повреда на постапката и поради тоа што во постапката која му претходела на актот не било

постапено според правилата на постапката, па согласно на утврдената фактичка состојба во записисникот, односно од утврдените факти (фактичка состојба во записник) е изведен неправилен наод во однос на фактичката состојба. Жалителот истакнува дека наводите во побиваното решение се во спротивност и се контрадикторни со самата одлука од изреката на решението, односно во изреката има недостаток во поглед на утврдените недостатоци, бидејќи првостепениот орган никаде не утврдил каде постојат недостатоци во актот кој го анализирал – Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, односно кои одредби од истиот не се во согласност со член 14 – а став (1) од Законот за спортот. Жалителот наведува дека во уводот на побиваното решение е наведено дека на ден 18.12.2018 година е извршен вонреден инспекциски надзор, меѓутоа во образложението на побиваното решение е наведено дека на ден 18.12.2018 година е вршен редовен инспекциски надзор, во рамки на остварување на програмата за 2018 година, па за жалителот е нејасно дали станува збор за редовен инспекциски надзор согласно член 32 став (2) или за вонреден инспекциски надзор согласно член 32 став (3). Жалителот се повикува на повреда на одредбите од член 5 од Законот за инспекциски надзор, каде е уредено водењето на постапката со примена на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност, на одредбата од член 6 од истиот закон, каде е уредено почитувањето на начелото на материјална вистина и субјектот на надзорот во текот на постапката да предлага и да поднесува докази кои се од значење за утврдување на целосна фактичка состојба и член 8 став (2) од Законот за инспекциски надзор. За жалителот е спорно и нејасно како врз основа на утврдената фактичка состојба во записникот, каде во точка 1 е утврдено дека клубовите се здружени во општински фудбалски сојузи, а во точка 2 дека структурата на федерацијата ја сочинуваат 26 општински фудбалски сојузи, 5 регионални фудбалски сојузи, организација на фудбалски тренери и организација на фудбал за жени, е утврдена неправилност согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот. За жалителот целосно нејасна за постапување и спротивна на утврдената фактичка состојба е точката 1.1 од решението со која се укажува и наредува Фудбалската федерација да го усогласи Статутот на федерацијата во однос на претставувањето во Собранието на националната спортска федерација, а при тоа да не укаже на конкретен наод и неправилност, во кој дел од одредбите на Статутот треба да е усогласеноста односно кои одредби се спротивни на Законот за спортот и целосно нејасна за постапување и спротивна на утврдената фактичка состојба е точката 1.2 од побиваното решение со која се укажува и наредува Фудбалската федерација на Македонија да одржи собрание на националната спортска федерација кое ќе го сочинуваат претставниците од спортските клубови од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерацијата кои ги исполниле условите и добиле решение согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, како и претставници на спортски тренери (стручни кадри), ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици, согласно член 14 – а став (1) од Законот

за спортот иако Статутот на ФФМ во делот на претставувањето на Собранието на ФФМ е сочинето од претставници утврдени согласно член 14 – а став (1) од Законот за спортот, а во согласност со член 13 став (1) од Законот за спортот. Со упатувањето и наредувањето да се изврши усогласување на статутот, а при тоа да не се наведе во кои одредби е неусогласен и да се упати и нареди да се свика собрание не со избраните претставници, туку со други за кои инспекцискиот надзор смета дека ги исполнуваат условите од член 11 став (2), а да не се наведе кои се тие кои ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат, сигурно не претставува исполнување на јавниот интерес во спортот. Жалителот истакнува дека побиваното решение е неспроведливо и поради неусогласеност со материјалното право бидејќи за да се спроведе во наведените рокови, првостепениот орган му наредува на жалителот да го прекрши сопствениот статут, а со тоа да го прекрши и Законот за здруженија и фондации кој уредува дека здруженијата работат согласно донесен статут при тоа имајќи предвид дека целите, начелата, начинот на зачленување, исклучување и престанок на членување, видот на органите, нивниот состав, начин на избор и разрешување, начинот за измени и дополнувања на статутот, организацијата и други прашања од значење се уредуваат во статутот. Жалителот истакнува дека согласно Законот за здруженија и фондации по својата форма е Здружението на граѓани и првостепениот орган требал да внимава да не ја наруши автономноста на жалителот, бидејќи никаде во одредбите од Законот за спорт, ниту во Законот за здруженија и фондации не произлегува правото, односно надлежноста на орган на државната управа да бара од Здружение на граѓани да изврши измени во Статутот при тоа определувајќи рок. За жалителот е спорно тоа што согласно член 25 став (1) точка 3 од Законот за инспекциски надзор, на првостепениот орган му е на располагање изрекувањето на мерката привремена забрана за вршење дејност, професија или должност, па оттука е нејасно што значи забраната од точка 2 на изреката на побиваното решение и врз основа на што се изрекува оваа забрана кога истата не е предвидена како мерка. Жалителот предлага Државната комисија да ја усвои жалбата во целост и да го поништи/укине побиваното решение и предметот да го врати на повторно постапување и одлучување, притоа давајќи му јасни напатствија на органот кои треба да бидат превземени при повторното постапување и одлучување, а се во насока на носење на правилна и законита одлука.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија изврши увид во списите приложени кон предметот, како и во наводите содржани во жалбата, а по службена должност, ценејќи ја целосно законитоста на постапката и побиваното решение, утврди дека **жалбата е неоснована.**

Во функција на целосно испитување на законитоста на побиваното решение, Државната комисија изврши увид во списите на предметот и ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно член 32 став (3) од Законот за инспекциски надзор, („Службен весник на Република Македонија" број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018, 83/2018 и 120/2018), (понатаму: Закон за инспекциски надзор), вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).

Во конкретниот случај, првостепениот орган, постапувајќи по налогот за вонреден инспекциски надзор број 14-2991/1 од 18.12.2018 година, издаден од Директорот на Агенцијата за млади и спорт, на ден 18.12.2018 година (вторник), со почеток во 11.20 часот, изврши вонреден инспекциски надзор, во седиштето на жалителот, а во присуство на лицата: Филип Поповски, Генерален секретар на Фудбалската федерација на Македонија, Жарко Игњатовски, менаџер на сектор (IT), Наталија Илиевска Божиновска, раководител на одделение за правни работи и Евгенија Милиновиќ, раководител на одделение за сметководство и финансии и притоа сотави Записник за извршен вонреден инспекциски надзор кај жалителот Ип1 број 14-2991/4 од 27.12.2018 година (понатаму: Записник).

Во записникот, првостепениот орган констатирал одредени неправилности во работењето на жалителот во однос на Законот за спортот, согласно кој: 1.) право на учество во организиран систем на натпревари, имаат спортски клубови кои ги исполниле условите за вршење дејност спорт, односно имаат решение за вршење дејност спорт издадено од Агенцијата за млади и спорт (член 10 ставови (2) и (3) и член 11 став (2) од Законот за спортот), 2.) Собранието на националните спортски федерации во екипните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици (член 14-а од Законот за спортот), 3.) Во националните спортски федерации спортските клубови кои се натпреваруваат во највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција во спортови во кои се организира сениорски систем на натпревари во повеќе степени, се здружуваат во организационен облик согласно со Законот за здруженија и фондации заради остварување на своите права и интереси. Клубовите од ставот 1 на овој член треба да имаат младински клубови кои се натпреваруваат во системот на натпревари организиран за младинските категории во соодветниот спорт. Организациониот облик на здружување од ставот 1 на овој член до Собранието на Националната спортска федерација доставува предлози за утврдување на системот на натпревари, избор на спонзор на лигата, правата за пренос на натпреварите и други прашања поврзани со одржувањето на највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција во спортови во кои се организира сениорски систем на натпревари во повеќе степени, (член 14-б ставови (1) и (2) од Законот за спортот) и 4.) За измените на Статутите на Националните спортски федерациии на Република Македонија мислење дава органот на државната управа надлежен за

работите од областа на спортот во однос на исполнетоста на условите за вршење дејност спорт, (член 11 ставови (1) и (9), член 14 став (4) од Законот за спортот). Записникот е составен во службените простории на првостепениот орган и истиот е потпишан од страна на овластеното лице на првостепениот орган, а примерок од записникот е доставен до жалителот, видно од доставниот акт (повратница), на ден 31.12.2018 година, потпишана од одговорното лице кај жалителот.

Првостепениот орган врз основа на утврдената фактичка состојба во записникот, го донел побиваното решение.

Државната комисија утврди дека првостепениот орган ги превзел сите потребни дејствија во постапката која му претходи на донесување на побиваното решение, дека постапката при извршување на инспекцискиот надзор е правилно спроведена, што резултирало со целосно утврдена фактичка состојба.

Имено, во член 10 став (3) од Законот за спортот, пропишано е дека националната спортска федерација на Република Македонија, може да врши дејност спорт ако: има организиран систем на натпревари и е организиран согласно со одредбите од членовите 13 и 14 на овој закон.

Во член 11 став (1) од Законот за спортот, пропишано е дека исполнетоста на условите за работа на Националната спортска федерација на Република Македонија од член 10 став 3 на овој закон ги утврдува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за што издава мислење.

Согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република Македонија, може да започне со вршење дејност спорт, откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

Во член 11 став (9) од Законот за спортот, пропишано е дека за издавање на решение за вршење дејност спорт за Националните спортски федерации од членот 10 став 3 од овој закон потребни се следниве докази: решение за упис во Централен регистар, препис од регистарот на членови на навивачка група, статут, докази за обезбедени соодветни објекти, опрема и стручен кадар, попис на здружените членки и опис на системот на натпреварите.

Согласно член 14 став (1) од Законот за спортот, спортските клубови од ист спорт, како и од училишниот, студентскиот и спортот на инвалидизираните лица, можат да се здружуваат во соодветна национална спортска федерација на Република Македонија, заради:поттикнување и унапредување на соодветниот спорт;реализирање на утврдената програма за развој на спортот; усогласување и координирање на програмските активности на здружените членки; организирање и спроведување на системот на натпревари; унапредување на стручната работа.

Согласно член 14 став (4) од Законот за спортот, решение за запишување во Регистарот на здруженијата на националната спортска федерација, Централниот

регистар носи по претходно прибавено позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Согласно член 14 став (5) од Законот за спортот, националната спортска федерација е онаа федерација во која се здружени повеќе од половината спортски клубови во Република Македонија кои имаат решенија за вршење дејностод ист вид на спорт.

Согласно член 14 став (6) од Законот за спортот, федерацијата ја претставува лице кое е избрано со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на федерацијата од ставот 5 на овој член.

Согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот, собранието на националните спортски федерации во екипните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици.

Согласно член 69 став (1) и став (2) од Законот за спортот, Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Инспекцискиот надзор го вршат инспектори на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот и овластени инспектори на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

Согласно член 70 став (1) алинеја 3 и став (2) од Законот за спортот, Инспекторот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот врши надзор, особено на постоењето услови за вршење на дејност спорт кај спортските клубови, националните спортски федерации и МОК. Надзорот од став 1 на овој член го опфаќа и надзорот над спроведување и примена на законите и другите прописи што ги регулираат односите во областа на спортот, како и на субјектите што вршат дејност во областа на спортот со кои се регулирани правата и обврските на учесниците во спортските активности.

Согласно член 71 став (1) од Законот за спортот, ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот утврди неправилности определени со овој и друг закон ќе донесе решение со кое ќе нареди во рок од 15 дена отстранување на неправилностите.

Во член 82 од Законот за спортот, пропишано е дека постојните спортски здруженија и нивните национални спортски сојузи, МОК и други правни лица што вршат дејност спорт, должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од изнесеното, за Државната комисија , не е спорно дека: 1.) жалителот не го усогласил Статутот на федерацијата во однос на претставувањето на спортските клубови во Собранието на националната спортска федерација, согласно член 14-а став (1), а во врска со член 82 од Законот за спортот, во кој е пропишано дека собранието на националните спортски федерации во екипните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици,односно согласно член 82 од Законот за спортот, во кој е пропишано е дека постојните спортски здруженија и нивните национални спортски сојузи, МОК и други правни лица што вршат дејност спорт, должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон. 2.) Жалителот не одржал Собрание на националната спортска федерација кое ќе го сочинуваат претставниците од спортските клубови од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерацијата кои ги исполниле условите и добиле решение согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, како и претставици на спортските тренери (стручни кадри), ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт, предложени од нивните организациони облици, согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот. 3.) Жалителот не постапил согласно пропишаната законска одредба од член 82 од Законот за спортот, односно актите на своето работење не ги усогласил со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ниту во записникот, ниту во жалбата приложил доказ/и од кој/кои ќе се утврди дека жалителот постапил согласно член 82 од Законот за спортот.

Од утврдената фактичка состојба која децидно и недвосмислено произлегува од записникот и од материјалните докази изведени во текот на постапката, Државната комисија утврди дека првостепениот орган правилно постапил и при тоа не го повредил законот на штета на жалителот, кога на истиот, со побиваното решение во подточка 1.1) од точка 1.) од изреката на предметното решение, му укажал во рок од 60 дена пред прво наредно Собрание да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: да го усогласи Статутот на федерацијата во однос на претставувањето на спортските клубови во Собранието на националната спортска федерација, согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот, односно во подточка 1.2) од точка 1.) од изреката на предметното решение, му укажал во рок од 60 дена пред прво наредно Собрание да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: да одржи Собрание на националната спортска федерација кое ќе го сочинуваат претставниците од спортските клубови од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерацијата кои ги исполниле условите и добиле решение согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, како и претставници на спортските тренери (стручни кадри), ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици, согласно член 14 – а став (1) од Законот за спортот и во подточка 1.3) од точка 1.) од изреката на предметното

решение, на жалителот му укажал во рок од 30 дена да ги отстрани утврдените неправилности и тоа: здружените членки во Фудбалската федерација на Македонија актите на своето работење да ги усогласат согласно член 82 од Законот за спортот.

Исто така, Државната комисија утврди дека првостепениот орган правилно постапил кога во подточка 2.1) од точка 2.) од изреката на предметното решение, на жалителот му забранил вршење дејност кој опфаќа форми на спортски активности со спортистите од сите возрасти, на субјекти кои не ги исполнуваат условите за вршење дејност спорт согласно член 10 и член 11 од Законот за спортот, бидејќи во смисла на член 10 став (3) од Законот за спортот, жалителот може да врши дејност спорт ако е организиран согласно со одредбите од членовите 13 и 14 на овој закон, а согласно член 11 став (1) од Законот за спортот, исполнетоста на условите за работа на жалителот од член 10 став 3 на овој закон ги утврдува во конкретниот случај првостепениот орган за што издава мислење, односно согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, жалителот може да започне со вршење дејност спорт, откако во конкретниот случај тоа е првостепениот орган, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение, дотолку повеќе што во смисла на член 14 став (4) од Законот за спортот, решение за запишување во Регистарот на здруженијата на жалителот, Централниот регистар носи по претходно прибавено позитивно мислење од првостепениот орган, па оттука согласно член 70 став (1) алинеја 3 од Законот за спортот, првостепениот орган согласно својата стварна надлежност врши надзор, особено на постоењето услови за вршење на дејност спорт кај жалителот.

Оттука, Државната комисија утврди дека првостепениот орган ги превзел сите потребни дејствија во постапката согласно својата стварна надлежност во смисла на член 70 став (1) алинеја 3 и став (2) од Законот за спортот, која му претходи на донесување на побиваното решение, дека постапката при извршување на инспекцискиот надзор е правилно спроведена, што резултирало со целосно утврдена фактичка состојба и правилна примена на материјалното право.

Државната комисија, со должно внимание во смисла на член 109 став (17) од Законот за општата управна постапка, ги ценеше жалбените наводи на жалителот, при што утврди дека:

Неоснован е жалбениот навод на жалителот дека е нејасно дали станува збор за редовен инспекциски надзор согласно член 32 став (2) или за вонреден инспекциски надзор согласно член 32 став (3) од Законот за инспекциски надзор, бидејќи во уводот на побиваното решение е наведено дека на ден 18.12.2018 година е извршен вонреден инспекциски надзор, додека во образложението на побиваното решение е наведено дека на ден 18.12.2018 година е вршен редовен инспекциски надзор, во рамки на остварување на програмата за 2018 година, од причини што првостепениот орган донел решение за исправање на очигледни технички грешки во управен акт Ип1 број 14-182/4 од 19.03.2019 година, со кое на втората страна од побиваното решение, во став (1) од образложението на истото, зборот редовен се менува со зборот вонреден.

Неосновани се жалбените наводи на жалителот дека е сторена повреда на одредбите од член 5 од Законот за инспекциски надзор, каде е уредено водењето на постапката со примена на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност, на одредбата од член 6 од истиот закон, каде е уредено почитувањето на начелото на материјална вистина и субјектот на надзорот во текот на постапката да предлага и да поднесува докази кои се од значење за утврдување на целосна фактичка состојба и член 8 став (2) од Законот за инспекциски надзор, бидејќи Државната комисија утврди дека првостепениот орган иако согласно член 71 став (1) од Законот за спортот, е должен доколку утврди неправилности определени со овој и друг закон ќе донесе решение со кое ќе нареди во рок од 15 дена отстранување на неправилностите, во конкретниот случај видно од подточка 1.1) од точка 1.), подточка 1.2) од точка 1.) од изреката на побиваното решение, на жалителот му утврдил рокови од 60 дена, односно видно од подточка 1.3) од точка 1.) од изреката на предметното решение, на жалителот му утврдил рок од 60 дена за отстранување на конкретните неправилности.

Во однос на жалбениот навод дека е спорно и нејасно како врз основа на утврдената фактичка состојба во записникот, каде во точка 1 е утврдено дека клубовите се здружени во општински фудбалски сојузи, а во точка 2 дека структурата на федерацијата ја сочинуваат 26 општински фудбалски сојузи, 5 регионални фудбалски сојузи, организација на фудбалски тренери и организација на фудбал за жени, е утврдена неправилност согласно член 14-а став (1) од Законот за спортот, Државната комисија како што и се произнесе погоре во образложението на ова решение, самата одредба на членот 14-а став (1) од Законот за спортот, јасно и недвосмислено пропишува дека собранието на националните спортски федерации во екипните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици.

Неосновани се жалбените наводи на жалителот дека целосно нејасна за постапување и спротивна на утврдената фактичка состојба е точката 1.1 од решението со која се укажува и наредува Фудбалската федерација да го усогласи Статутот на федерацијата во однос на претставувањето во Собранието на националната спортска федерација, а при тоа да не укаже на конкретен наод и неправилност, во кој дел од одредбите на Статутот треба да е усогласеноста односно кои одредби се спротивни на Законот за спортот и целосно нејасна за постапување и спротивна на утврдената фактичка состојба е точката 1.2 од побиваното решение со која се укажува и наредува Фудбалската федерација на Македонија да одржи собрание на националната спортска федерација кое ќе го сочинуваат претставниците од спортските клубови од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерацијата кои ги исполниле условите и добиле решение согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, како и претставници на спортски тренери (стручни кадри), ветерани, судии и спортисти од

соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици, согласно член 14 – а став (1) од Законот за спортот иако Статутот на ФФМ во делот на претставувањето на Собранието на ФФМ е сочинето од претставници утврдени согласно член 14 – а став (1) од Законот за спортот, а во согласност со член 13 став (1) од Законот за спортот, од причини веќе изложени односно во смисла на член 14-а став (1) од Законот за спортот, собранието на националните спортски федерации во екипните спортови го сочинуваат претставниците од клубовите од прва и втора лига и останатите клубови здружени во федерациите, како и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од соодветниот спорт предложени од нивните организациони облици, додека во член 10 став (3) од Законот за спортот, пропишано е дека националната спортска федерација на Република Македонија, може да врши дејност спорт ако: има организиран систем на натпревари и е организиран согласно со одредбите од членовите 13 и 14 на овој закон, односно согласно член 11 став (1) од Законот за спортот, исполнетоста на условите за работа на Националната спортска федерација на Република Македонија од член 10 став 3 на овој закон ги утврдува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за што издава мислење, а согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република Македонија, може да започне со вршење дејност спорт, откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

Исто така, неоснован е и жалбениот навод на жалителот дека согласно Законот за здруженија и фондации по својата форма е Здружение на граѓани и првостепениот орган требал да внимава да не ја наруши автономноста на жалителот, бидејќи никаде во одредбите од Законот за спорт, ниту во Законот за здруженија и фондации не произлегува правото, односно надлежноста на орган на државната управа да бара од Здружение на граѓани да изврши измени во Статутот при тоа определувајќи рок, од причини што во член 82 од Законот за спортот, е пропишана законската обврска на жалителот да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Неоснован е жалбениот навод на жалителот дека е спорно тоа што согласно член 25 став (1) точка 3 од Законот за инспекциски надзор, на првостепениот орган му е на располагање изрекувањето на мерката привремена забрана за вршење дејност, професија или должност, па оттука е нејасно што значи забраната од точка 2 на изреката на побиваното решение и врз основа на што се изрекува оваа забрана кога истата не е предвидена како мерка, бидејќи како и што веќе е образложено погоре согласно член 11 став (1) од Законот за спортот, исполнетоста на условите за работа на Националната спортска федерација на Република Македонија од член 10 став 3 на овој закон ги утврдува органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за што издава мислење, а согласно член 11 став (2) од Законот за спортот, спортскиот клуб, односно Националната спортска федерација на Република

Македонија, може да започне со вршење дејност спорт, откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение, додека во член 14 став (4) од Законот за спортот, решение за запишување во Регистарот на здруженијата на националната спортска федерација, Централниот регистар носи по претходно прибавено позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Согласно горенаведеното, а врз основа на член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15), Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение е конечно во управна постапка и против него не е дозволена жалба.

Тужбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Решено во Скопје, на ден 25.03.2019 година, под ИП2 број 09-09

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

**Изработил: Ј.Н**
**Контролирал: Љ.Ј**

Доставено до:
- Архива и
- Инспектор за спорт при Агенцијата за млади и спорт, ул.„Македонија", број 38, Палата „Панко Брашнаров", 1000 Скопје.